ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

# ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден 06.02.2012 година во 9.00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

Присутни : Градоначалник **Арсенчо Алексовски**, Раководител на Одделение за правни и општи работи **Јаготка Николовска** Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија **Душко Арсовски**, Раководител на одделение за финансирање, буџет, општински имот и администрирање со даноци и имот **Татјана Ѓоргиевска** Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Александар Ангелов,** Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина **Добривој Николовски** Раководител на одделение за инспекциски надзор **Бранко Велиновски,** Директор на ЈП Комуналец **Цане Николовски**, Советник **Никола Граматиков** и Виш соработник Биљана Тасевска .

**Дневен ред :**

- Разгледување на реализација на тековни задолженија
- Дискусија и Насоки за реализација на задолженија
- Разно

## ЗАКЛУЧОЦИ

**Одделение за правни и општи работи, Одделение за човечки ресурси:**

Да се регулираат правните односи со економскиот оператор за сообраќајна сигнализација. Јаготка Николовска и Биљана Тасевска координација со Никола Граматиков 06.02.2012

**Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина**

Да се направи листа на улици, мостови и други инфраструктурни објекти кои не се именувани. Добривој Николовски 06.02.2012

**Одделение за инспекциски надзор**

Да се известат сопствениците на деловни простори за чистење на снегот пред истите . Бранко Велиновски 06.02.2012

**Одделение за финансирање, буџет, општински имот и администрирање со даноци и имот**

Да се достави до сите одделенија урнек од пишани процедури за работа на одделенијата и по нивно изготвување да се соберат. Татајана Ѓеоргиевска 06.02.2012

**Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија**

Да се започне со постапката и активностите за прибирање на документи за аплицирање со проект за плоштадот пред општината и да се провери дали како апликант може да се јави јавно претпријатие Комуналец. Душко Арсовски 06.02.2012

**Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура**

Да се оствари контакт со економскиот оператор избран за изработка на проекти за патишта и да се види со кои проекти ќе се аплицира и да се даде проектна задача за нивна изработка Александар Ангелов 06.02.2012

Да се контактира со економските оператори за изработка на проекти до која фаза се проектите, кои се завршени и да се бара побрзо завршување на останатите. Александар Ангелов 06.02.2012

**ЈП КОМУНАЛЕЦ**

Да се оствари контакт со Адинг и да се подигне матријал. Цане Николовски 06.02.2012

Да се даде известување за постапката за вадење на водостопанска дозвола и да се започне со објава на тендерска постапка за проектот минихидроцентрали. Цане Николовски 06.02.2012

Записник водел Биљана Тасевска
Изготвил И. Додевски　　　　Крива Паланка 06.02.2012

| | | | |
|---|---|---|---|
| Душко Арсовски | ________________ | Јаготка Николовска | ________________ |
| Александар Ангелов | ________________ | Татјана Ѓоргиевска | ________________ |
| Добривој Николовски | ________________ | Цане Николовски | ________________ |
| Бранко Велиновски | ________________ | | |